**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА БИЛАНСОТ НА УСПЕХ**

**01.01–30.06.2022 ГОДИНА**

## А. Известување за промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи

Основните сметководствени политики и методи на вреднување користени при составување на билансот на успех **за периодод** 01.01–30.06.2022 година се непроменети и се конзистентни со оние применети при составувањето на извештаи за истиот период од претходната 2021 година.

## Б. Коментар на остварените приходи

Во периодот од 01.01–30.06.2022 година Друштвото остварило приходи од 12.283 илјади денари кои се за 1.166 илјади денари поголеми од приходите во истиот период од минатата 2021 година кога тие изнесувале 11.117 илјади денари.

Друштвото оствари позитивен финансиски резултат во бруто износ од 2.752 илјади денари наспроти бруто добивката во истиот период за предходната 2021 година во износ од 2.496 илјади денари што претставува зголемување или нето добивка поголема за 231 илјади денари.

## В. Коментар на остварените расходи

Во периодотод 01.01–31.06.2022 година Друштвото оствари расходи во износ од 9.531 илјади денари кои се за 910 илјади поголеми од расходите во истиот период за минатата 2021 година кога тиеизнесувале 8.621 илјади денари.

## Г. План и очекувања за претстојниот период

Друштвото досегашното свое работење го извршуваше во согласност со своите утврдени стратешки цели и деловната политика со цел унапредување и постигање на подобри резултати во своето работење. Менаџментот на друштвото континуирано ја следи

состојбата  со светската пандемија со ковид - 19 и превзема соодветни мерки за ублажување на ефектите и последиците од оваа криза врз работењето на друштвото,а  проценка и прецизни податоци ќе има по завршување на истата
Со оглед на тоа дека основна дејност на друштвото е издавање под наем на деловен простор со кој располага, во идниот период активностите ќе бидат насочени кон наоѓање на соодветни закупци и можност за издавање на целокупниот простор сокој друштвото располага.
Очекувањата на менаџментот за наредната година се зголемување на приходите од основната дејност, како и рационализација на остварените трошоци. Ова е поткрепено и со фактот што друштвото поседува недвижности во најатрактивните централни подрачја во градот за кои секогаш има побарувачка.
Друштвото цени дека овие цели и планови се остварливи и друштвото ќе продолжи со позитивни финансиски резултати и во идните периоди.

ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО